**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-410/3**
**13.06.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена проектна програма

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за нисконапонски подземен кабелски вод за приклучок на ФВЕ на КП 583, КО Ново Конско, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ДПТУ ,,СОЛАРКОН,, доо Гевгелија преку полномошник ,,РЕСУРС ЛТДИ,, дооел од Кавадарци во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.52630) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-410/1 од 26.05.2023год., а изработена од ,,РЕСУРС ЛТДИ,, дооел од Кавадарци, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за нисконапонски подземен кабелски вод за приклучок на ФВЕ на КП 583, КО Ново Конско, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:
1. Проектна програма со технички број 76/23 од мај,2023год., изработена од ,,РЕСУРС ЛТДИ,, дооел од Кавадарци.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y22123 и Решение УП1-15 1077/2023 од 19.05.2023 издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-410/2 од 31.05.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.06.13 13:00:55 +02'00'